ЗАПИСНИК

Од одржаната **24-та седница на Советот на Општина Новаци** одржана на ден **28.02.2023** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци: Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беше отсутен советникот Иванчо Котевски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – советник.

Гости: Александар Стефановски-директор на ЈПКД„ Комунална Хигиена“-Новаци, Зоран Алексовски – директор на МЈП „Пелалинк“, Пецо Трајчевски - претседател на ЗФК „Новаци 2005“- Новаци, Андреј Наумовски и Пеце Крстевски од „Младинска Граѓанска Акција“ .

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 22-та и 23-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за реализација на Проект - Реконструкција на улица од Пошта до Златен клас во с.Новаци до крај на каналот, Општина Новаци;
3. Разгледување и донесување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица;
4. Разгледување и усвојување на Извештај на Комисијата за попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци;
5. Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност на измени и дополнувања на Годишниот план за вработување за 2023 год. на ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци;
6. Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност на измени и дополнувања на Годишниот план за вработување за 2023 год. на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола;
7. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за следењето на реализацијата на договорот за ЈПП за 2023 год.;
8. Разгледување и усвојување на Извештај за потрошени финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“ за 2022 год.;
9. Разгледување на Барање за финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“- Новаци за учество во пролетната напреварувачка сезона 2023 год.;
10. Разгледување на Барање од Здружение за младински активизам „Младинска граѓанска акција“ за користење на деловен простор;
11. Разгледување на Барање од Драги Лаковски од с.Новаци за финансиска помош поради пожар на семејната куќа (во прилог Записник за штета од пожар од Комисијата за проценка на штета од елементарни и други непогоди);
12. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Пред гласање на Дневниот ред на 24–та Седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Стојковска–Најдовска предложи да не се разгледува точка бр. 2, додека Градоначалникот Стевче Стевановски им предложи на советниците дополнување на Дневниот ред со 5 точки кои поради својата хитност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на дел од кредит кон Стопанска Банка АД Битола бр. 14-105/14 од 31.01.2023 година;

2. Предлог - Одлука за утврдување на приоритет на Проект „Реконструкција на локална улица во с.Гермијан“;

3. Предлог - Одлука за сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање на Проект „Реконструкција на локална улица во с.Гермијан“.

4. Предлог - Одлука за утврдување на приоритет на Проект „Изградба на плоштад кај куќата на Калеш Анѓа во с.Старавина“;

5. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Општина Новаци во проектот: ,,Подобар квалитет на живот на населението и заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку планирање и инвестиции во комуналната инфраструктура“ бр. 14-1056/13 од 15.12.2022 година;

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош:

6. Разгледување на Барање од Соња Јовановска од Новаци (03-13/14 од 21.02.2023г.)

7. Разгледување на Барање од Оливер Митровски од с.Д.Агларци(03-13/12 од 07.02.2023г.)

8. Разгледување на Барање од Николче Најдановски од с.Живојно(03-13/18 од 28.02.2023г.)

9. Разгледување на Барање од Љупчо Митковски од с.Рапеш (03-13/17 од 28.02.2023г.)

10. Разгледување на Барање од Биљана Митровска од с.Живојно(03-1094/4 од 22.12.2022г.)

Претседателката на Советот Славица Најдовска-Стојковска им предложи на советниците да се прифатат изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред така што првичниот Дневниот ред кој е составен од 12 точки се дополнува со 10 точки, а не се разгледува точка бр. 2.

На тој начин Дневниот ред на 24-та седница на Советот на Општина Новаци по претрпените измени и дополнувања е составен од 21 точка со што точката Советнички прашања со бр. 12 преминува во точка број 21.

Предлогот за изменетиот и дополнетиот Дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа за.**

1. **точка**: **Разгледување и усвојување на Записникот од 22-та и 23-та седница на Совет на Општина Новаци;**

По разгледувањето, Записниците од 22-та и 23-та Седница беа ставени на гласање и усвоени со **8 гласа за.**

2. **точка: Разгледување и донесување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица;**

Предходниот Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица претрпува мноштво измени во смисла на промена на висината на еднократната парична помош за новородено дете и за првачињата, согласно со Буџетот на Општина Новаци за 2023 г., потоа додавање на нов член кој се однесува на жртви од семејно насилство, повеќедетни семејства и еднородителски семејства како и текстуални промени во повеќе членови така што Правилникот претрпува измена во 50 % од својата содржина. Соодветно на тоа Советот на Општина Новаци го поништи стариот и со **8 гласови за** донесе нов Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица

3. **точка: Разгледување и усвојување на Извештај на Комисијата за попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци;**

Советот на Општина Новаци го разгледа Извештајот на Пописната комисија при што немаше никакви забелешки и со **8 гласа за** донесе Заклучок за усвојување на Извештај за извршен годишен попис во Општина Новаци за 2022 година.

4. **точка: Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност на измени и дополнувања на Годишниот план за вработување за 2023 год. на ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци**

По однос на четвртата точка измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување за 2023 год. на ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци се однесуваат на тоа што се планира едно ново вработување, хигиеничар, работното место е слободно по основ на пензионирање.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2023 год.

5. **точка: Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност на измени и дополнувања на Годишниот план за вработување за 2023 год. на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола;**

По однос на оваа точка, пред советниците збор зеде директорот на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ - Битола Зоран Алексовски, кој објасни дека во претходниот Годишен план имал предвидено 0 вработувања, затоа што немал добиено согласности од ресорните министерства. По добивањето на потребните согласности има промена и во Годишниот план за вработување во кој се планирани 16 нови вработувања од кои 14 вработувања се планирани за возачи на автобус за јавен превоз, еден референт благајник и еден раководител на одделение. Но посочи дека дел од возачите ќе бидат превземени од Општина Новаци и Општина Могила.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 1 глас против** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год.

6. **точка: Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за следењето на реализацијата на договорот за ЈПП за 2023 год.;**

Советниците го разгледаа Годишниот извештај при што претседателката Стојковска-Најдовска им предложи на советниците да се одложи носењето на одлука затоа што е

потребен детален извештај во кој ќе бидат точно наведени какви 122 интервенции се направени, каде се направени и во кое време се направени.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** го прифати предлогот на Претседателката Стојковска-Најдовска за одложување на разгледување на Годишниот извештај за следењето на реализацијата на договорот за ЈПП за 2023 год. се додека тој извештај не се дополни со потребните податоци.

7. точка: Разгледување и усвојување на Извештај за потрошени финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“ за 2022 год.;

По однос на оваа точка Пецо Трајчевски - претседател на ЗФК „Новаци 2005“- Новаци им даде детално објаснување на советниците во врска со трошењето на финансиските средства што Општина Новаци им ги додели на ЗФК „Новаци 2005“ во 2022 год. и тоа во висина од 2.349.502,00 ден., при што потенцира дека успеал да заштеди 400,000,00 ден. по основ на намалување на трошоци, не се исплатувале премии, управата не земала плата или со др. зборови со домаќинско работење.

По дискусијата меѓу советниците и Пецо Трајчевски, Советот на општина Новаци гласаше така што со **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Заклучок за усвојување на Извештај за потрошени финансиски средства во текот на 2022 год. од ЗФК „Новаци 2005“ од Новаци.

8. точка: Разгледување на Барање за финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“- Новаци за учество во пролетната напреварувачка сезона 2023 год.;

Како и за претходната точка така и за осмата точка, Пецо Трајчевски - претседател на ЗФК „Новаци 2005“- Новаци, ја образложи пред советниците потребата од финасии во износ од 1.874.500,00 која е детално објасната во доставената финасиска програма за пролетниот дел од 2023г. за да може ЗФК „Новаци 2005“ да го освои првото место во пролетниот дел од натпреварувачката сезона и клубот да влези во втора лига.

По дискусијата меѓу советниците, Советот на Општина Новаци гласаше и со **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за доделување на финансиски средства на „ЗФК Новаци 2005“ – Новаци.

9. точка: Разгледување на Барање од Здружение за младински активизам „Младинска граѓанска акција“ за користење на деловен простор;

По однос на оваа точка Советниците беа информирани со активностите на Здружението за младински активизам „Младинска граѓанска акција“ до страна на Андреј Наумовски – претседател и Пеце Крстевски, кои воедно ја образложија и потребата од простор каде што ќе можат да ги реализираат своите активности. Исто така во своето излагање посочија дека во моментот не се во можност да ги сносат комуналните трошоци и го замолија Советот тие трошоци да бидат подмирени од страна на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци го разгледа барањето така што со **8 гласа за** донесе Одлука за давање на користење на деловен простор на Здружението за младински активизам - Младинска граѓанска акција, од Новаци.

10. точка: Разгледување на Барање од Драги Лаковски од с.Новаци за финансиска помош поради пожар на семејната куќа (во прилог Записник за штета од пожар од Комисијата за проценка на штета од елементарни и други непогоди);

Советот го разгледа барањето од Драги Лаковски чија семејна куќа беше зафатена од пожар. Комисијата направи увид на лице место и проценка на штетата во износ 116.800,00 ден. Според член 10 од Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, еднократна парична помош на домаќинство погодено од елементарна непогода за проценета штета над 100.000,00 ден., изнесува 20.000,00 ден. Соодветно на погоре изнесеното Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драги Лаковски од с.Новаци.

11. точка: Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на дел од кредит кон Стопанска Банка АД Битола бр. 14-105/14 од 31.01.2023 година

По однос на единаесетта точка Совет на Општина Новаци треба да ја поништи Одлуката за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на дел од кредит кон Стопанска Банка АД Битола, донесена на 22-та Седница, затоа што субвенционирање не е можно на јавно претпријатие чија завршна сметка за тековната година е позитивна, каков што е случајот со завршната сметка на ЈПКД ,,Комунална Хигиена“ за 2022 г. Затоа Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за поништување на Одлуката за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на дел од кредит кон Стопанска Банка АД Битола бр. 14-105/14 од 31.01.2023 година.

12. точка: Предлог - Одлука за утврдување на приоритет на Проект „Реконструкција на локална улица во с.Гермијан“;

Градоначалникот Стевановски им објасни на советниците за Проектот „Реконструкција на локална улица во с. Гермијан“, кој Општина Новаци планира да го аплицира во „Бирото за регионален развој“ и поради тоа е потребно да се донеси Одлука за утврдување на приоритет.

Советот на општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за утврдување на приоритет на проект.

13. точка: Предлог - Одлука за сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање на Проект „Реконструкција на локална улица во с.Гермијан“;

Како дополнување на претходната точка Градоначалникот Стевановски објасни дека во реализација на проектот „Реконструкција на локална улица во с. Гермијан“, Општина Новаци треба да учествува со сопствени средства и тоа во висина од 2.000.000,00 ден.

Советот на општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање со проект.

14. точка: Предлог - Одлука за утврдување на приоритет на Проект „Изградба на плоштад кај куќата на Калеш Анѓа во с.Старавина“;

И по однос на оваа точка Градоначалникот Стевановски им објасни на советниците дека Проект „Изградба на плоштад кај куќата на Калеш Анѓа во с. Старавина“ ќе се аплицира на Јавниот повик за 2023 г. објавен од страна на Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за утврдување на приоритет на проект.

15. **точка: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Општина Новаци во проектот: ,,Подобар квалитет на живот на населението и заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку планирање и инвестиции во комуналната инфраструктура“ бр. 14-1056/13 од 15.12.2022 година;**

По однос на оваа точка, советниците беа информирани дека има измена во износот на средствата кои Општина Новаци ќе ги кофинансира. Имено во претходната Одлука износот на средствата беше 1.571.728,00 ден., додека во Одлуката за изменување и дополнување кофинансирањето изнесува 1.147.008,00 ден.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за утврдување на приоритет на проект.

Комисијата за доделување на еднократна парична помош ги разгледа барањата на физичките лица за финансиска помош и предложи до Советот на Општина Новаци да им ја додреди висината на финансиската помош на следните баратели:

16. **точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Соња Јовановска од Новаци (03-13/14 од 21.02.2023г.);**

Советот го разгледа барањето од Соња Јовановска која има потреба од финансиски средства за лекување на нејзините деца, Славчо и Сашо кои се категоризирани како лица со посебни потреби.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Соња Јовановска од с. Новаци во висина од 20.000,00 ден.

17. **точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Оливер Митровски од с.Д. Агларци(03-13/12 од 07.02.2023г.);**

Советот го разгледа барањето од Оливер Митровски како лице со посебни потреби и со **со 8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Оливер Митровски од с.Д. Агларци во висина од 20.000,00 ден.

18. **точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Николче Најдановски од с.Живојно(03-13/18 од 28.02.2023г.);**

Советот го разгледа барањето од Николче Најдановски, за неговата малолетна ќерка Стефани која постигна високи резултати во одбојкарскиот спорт.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Николче Најдановски од с.Живојно во висина од 10.000,00 ден.

19. **точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Љупчо Митковски од с.Рапеш (03-13/17 од 28.02.2023г.);**

Советот го разгледа барањето од Љупчо Митковски кој има потреба од финансиски средства за лекување на неговата ќерка Јагода, која е со оштетен вид и е категоризирана како лице со посебни потреби.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с.Рапеш во висина од 20.000,00 ден.

20. точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Биљана Митровска од с.Живојно(03-1094/4 од 22.12.2022г.);

Советот го разгледа барањето од Биљана Митровска од с.Живојно која има потреба од финансиски средства за лекување на нејзиниот син Илија, кој е лице со посебни потреби.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Биљана Митровска од с.Живојно во висина од 20.000,00 ден.

21. точка: Советнички прашања.

На 24-та седница советниците немаа дополнителни прашања.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____